**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 31 август 2020 година

## Соопштение за печат

# Позначајни движења кај каматните стапки на банките и штедилниците[1]: јули[2] 2020 година

– Трендот на месечно и годишно намалување на просечната каматна стапка на вкупните кредити продолжи и во јули 2020 година. Во јули таа изнесува 4,75% и бележи месечен и годишен пад од 0,05 п.п. и 0,40 п.п., соодветно. Просечната каматна стапка на вкупните депозити изнесува 1,05% и на месечна основа е пониска за 0,04 п.п. На годишна основа, оваа каматна стапка е намалена за 0,33 п.п.

– Просечната каматна стапка на новоодобрените[3] кредити изнесува 3,98% и во јули забележа месечен раст од 0,04 п.п. Споредено на годишна основа, кај оваа каматна стапка е забележан пад од 0,70 п.п. Кај просечната каматна стапка на новопримените депозити е остварен месечен раст од 0,05 п.п. и таа изнесува 0,69%, додека на годишна основа оваа каматна стапка е намалена за 0,58 п.п.

Табела 1. Каматни стапки на вкупните и на новите кредити и депозити[4]

| | 7.2019 | 9.2019 | 12.2019 | 1.2020 | 2.2020 | 3.2020 | 4.2020 | 5.2020 | 6.2020 | 7.2020 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| во % на годишно ниво | | | | | | | | | | |
| **Вкупни кредити** | **5.15** | **5.09** | **4.94** | **4.93** | **4.91** | **4.89** | **4.86** | **4.83** | **4.80** | **4.75** |
| Корпоративен сектор | 4.42 | 4.32 | 4.17 | 4.13 | 4.11 | 4.08 | 4.01 | 3.97 | 3.93 | 3.89 |
| Домаќинства | 5.86 | 5.81 | 5.70 | 5.69 | 5.67 | 5.64 | 5.65 | 5.64 | 5.63 | 5.56 |
| **Новоодобрени кредити** | **4.68** | **4.46** | **4.15** | **4.46** | **4.33** | **4.12** | **3.77** | **3.92** | **3.94** | **3.98** |
| Корпоративен сектор | 4.20 | 4.11 | 3.80 | 4.19 | 3.82 | 3.79 | 3.66 | 3.71 | 3.68 | 3.64 |
| Домаќинства | 5.27 | 5.10 | 4.71 | 4.91 | 4.95 | 4.83 | 4.38 | 4.43 | 4.42 | 4.48 |
| **Вкупни депозити** | **1.38** | **1.36** | **1.26** | **1.20** | **1.19** | **1.11** | **1.11** | **1.10** | **1.09** | **1.05** |
| Корпоративен сектор | 1.61 | 1.67 | 1.53 | 1.48 | 1.49 | 1.24 | 1.28 | 1.24 | 1.27 | 1.29 |
| Домаќинства | 1.35 | 1.32 | 1.23 | 1.17 | 1.15 | 1.10 | 1.09 | 1.08 | 1.07 | 1.03 |
| **Новопримени депозити** | **1.27** | **1.27** | **1.14** | **0.95** | **0.98** | **0.54** | **0.61** | **0.62** | **0.64** | **0.69** |
| Корпоративен сектор | 1.22 | 1.32 | 1.11 | 0.71 | 0.56 | 0.20 | 0.37 | 0.34 | 0.43 | 0.57 |
| Домаќинства | 1.30 | 1.24 | 1.17 | 1.07 | 1.19 | 0.94 | 1.01 | 0.91 | 0.85 | 0.79 |

Извор: НБРСМ.

[1] Под „каматна стапка“ се подразбира пондерирана просечна каматна стапка искажана во проценти на годишно ниво. За подетално објаснување види ја методологијата http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_MIR_07_2018_mak.pdf

[2] Во август 2020 година е укината дозволата за основање и работење на една банка. Податоците за каматните стапки за јули 2020 година ги вклучуваат јунските податоци за каматните стапки за оваа банка.

[3] Во однос на каматните стапки на новоодобрените кредити/новопримените депозити се карактеристични променливи движења. Ваквите движења на каматните стапки произлегуваат од промените на обемот на новите депозити/кредити (којшто од месец во месец може позначително да се менува), како и од новодоговорената каматна стапка.

[4] Ефектите од промените во методологијата објавени во информацијата на 20 јули 2018 година (www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf) не се согледуваат кај поединечните категории каматни стапки на депозитите/кредитите (во денари без валутна клаузула, во денари со валутна клаузула и во странска валута), туку само кај агрегираните каматни стапки (во денари и во странска валута) коишто не се предмет на анализа во соопштението, но се објавуваат на интернет-страницата на НБРСМ.

## 1. Каматни стапки на корпоративниот сектор[5]

– Во јули, просечната каматна стапка на вкупните кредити одобрени на корпоративниот сектор забележа месечен пад од 0,04 п.п. и изнесува 3,89%. Притоа, падот произлегува од намалувањето на каматните стапки на денарските кредити без валутна клаузула и каматните стапки на кредитите во странска валута (за 0,06 п.п., соодветно), во услови на раст на каматните стапки на денарските кредити со валутна клаузула (за 0,05 п.п.). Каматната стапка на вкупните кредити на корпоративниот сектор е пониска за 0,53 п.п., во споредба со истиот период претходната година.







Извор: НБРСМ.

– Овој месец, каматната стапка на новоодобрените кредити на корпоративниот сектор е пониска за 0,04 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 3,64%. Месечниот пад целосно се објаснува со намалувањето на каматните стапки на кредитите во странска валута (за 0,87 п.п.), при раст на каматните стапки на денарските кредити без и со валутна клаузула (за 0,15 п.п. и 0,14 п.п., соодветно). Споредено на годишно ниво, оваа каматна стапка е намалена за 0,56 п.п.







Извор: НБРСМ.

[5] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор ги опфаќа нефинансиските институции (јавни и останати).

– Просечната каматна стапка на вкупните депозити на корпоративниот сектор, во јули изнесува 1,29% и на месечна основа се зголеми за 0,02 п.п. Нагорната промена во целост се должи на растот на каматната стапка на депозитите во странска валута (за 0,35 п.п.), во услови на непроменета каматна стапка на денарските депозити без валутна клаузула, додека каматната стапка на депозитите во денари со валутна клаузула бележи пад (за 0,06 п.п.). На годишно ниво, просечната каматна стапка на вкупните депозити на корпоративниот сектор оствари пад од 0,32 п.п.

– Во јули, каматната стапка на новопримените депозити[6] на корпоративниот сектор се зголеми за 0,14 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 0,57%. Месечното зголемување е резултат на растот на каматните стапки на денарските депозити без валутна клаузула и каматните стапки на депозитите во странска валута (за 0,23 п.п. и 0,15 п.п., соодветно). Истовремено, каматната стапка на денарските депозити со валутна клаузула во јули изнесува 0,25%, за разлика од претходниот месец кога банките и штедилниците не примиле ваков вид депозити. На годишна основа, оваа каматна стапка бележи пад од 0,65 п.п.

## 2. Каматни стапки на домаќинствата[7]







Извор: НБРСМ.

– Каматната стапка на вкупните кредити на домаќинствата, во јули изнесува 5,56%, што претставува пад од 0,07 п.п. на месечно ниво. Анализирано според валутната структура, месечната промена се објаснува со намалувањето на каматните стапки на денарските кредити без и со валутна клаузула (за 0,13 п.п. и 0,02 п.п., соодветно), додека каматните стапки на кредитите во странска валута бележат минимален раст (за 0,01 п.п.). Каматната стапка на вкупните кредити на домаќинствата е намалена за 0,30 п.п., споредено на годишна основа.

[6] Во графиконот што се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на корпоративниот сектор, прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од корпоративниот сектор.
[7] За потребите на ова соопштение, домаќинствата опфаќаат: физички лица, самостојни вршители на дејност и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.

- Просечната каматна стапка на новоодобрените кредити на домаќинствата во јули, забележа раст од 0,06 п.п. на месечна основа и изнесува 4,48%. Нагорната промена се должи на растот кај сите компоненти на оваа каматна стапка: каматната стапка на кредитите во странска валута (за 0,11 п.п.) и каматните стапки на денарските кредити со и без валутна клаузула (за 0,09 п.п. и 0,04 п.п., соодветно). На годишно ниво, просечната каматна стапка на новоодобрените кредити на домаќинствата забележа намалување за 0,79 п.п.







Извор: НБРСМ.

- Во јули годинава, просечната каматна стапка на вкупните депозити на домаќинствата изнесува 1,03%, што претставува месечен пад од 0,04 п.п. Месечниот пад е резултат на намалувањето на сите компоненти на оваа каматна стапка, и тоа: каматните стапки на денарските депозити без валутна клаузула (за 0,06 п.п.), каматните стапки на депозитите во странска валута (за 0,02 п.п.) и каматните стапки на денарските депозити со валутна клаузула (за 0,01 п.п.). На годишна основа, просечната каматна стапка на вкупните депозити на домаќинствата бележи пад од 0,32 п.п.

- Просечната каматна стапка на новопримените депозити на домаќинствата[8] во јули е намалена за 0,06 п.п. на месечна основа и изнесува 0,79%. Надолната месечна промена се должи на пониските каматни стапки на денарските депозити со валутна клаузула и депозитите примени во странска валута (за 0,80 п.п. и 0,10 п.п, соодветно), во услови кога каматната стапка на депозитите во денари без валутна клаузула бележи минимален раст (за 0,01 п.п.). Во споредба со јули минатата година, кај оваа каматна стапка е забележан пад од 0,51 п.п.

[8] Во графиконот што се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на домаќинствата, прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од домаќинствата.

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: годишни, квартални и месечни податоци за пондерираните каматни стапки на банките и штедилниците
http://www.nbrm.mk/statistika_na_kamatni_stapki.nspx

Методолошки објаснувања:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_MIR_07_2018_mak.pdf

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://www.nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Месечни податоци за каматните стапки: 30 септември 2020 година (референтен пресек заклучно со август 2020 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 112/110/108).